Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 30.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: **Фондација Отворено општество - Македонија**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **4030999370170**

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. **Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар**

Застапник: **Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка**

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk , dance.danilovska@fosm.mk

Телефонски број за контакт: **070/327-261**

Лице за контакт: **Данче Данаиловска Бајдевска, програмска директорка**

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

**Наслов на иницијативата:.**
Унапредување на модел за финансирање на ГО од буџетот на државата со подготовка на нов Закон за формирање независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на ЕУ проекти, со што ќе се воспостави транспарентен и доверлив модел за државно финансирање

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Согласно член 1, став 3 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана за стратешкиот приоритет **“ Успешно водење на преговори со Европската Унија„**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Согласно член 2 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана со стратешката цел **“унапредуање на околината во која фунционира и се развива граѓанското општество„.**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Оваа иницијатива е врзана со кластер 1 Основи (Демократија и добро владеење), 1.1. Демократија: 4. **Граѓанско општество**.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во западноевропските држави, пристапот на граѓанските организации (ГО) до државното финансирање е поврзан со концептот на јавното добро (public good) и со правото на здружување на секој поединец со другите граѓани со цел да остварат некое заедничко право, идеја или активност(и) што не ги задоволува јавниот или приватниот сектор. Денешните добри практики во европски контекст се водат од дефинирањето на улогата на ГО во развојот на општеството, во насока на остварување на јавното добро, сè со цел тие да бидат финансиски одржливи и да дејствуваат автономно и независно од другите, пред сè од политичките и приватните влијанија и интереси. Во трите последователни стратешки документи на полето на соработката и развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија (РСМ), доуредувањето и подобрувањето на државното финансирање на ГО е предвидено како една од приоритетните мерки. Сепак, сè уште отсуствува целосна реформа на системот и на процедурите, особено во насока на развивање на моделот и рамката што би биле засновани на дефинирање на јавното добро и потребите на ГО врз база на јасната визија за придонесот на ГО во општеството, односно нивниот придонес во социо-економскиот развој на РСМ.

Воведувањето и подобрувањето на специфичниот вид поддршка треба да бидат усогласени и да бидат додадена вредност на постоечката рамка. Второ, постојните анализи укажуваат на тоа дека пристапот на ГО до државното финансирање во РСМ не е во согласнот со нивните потреби, трендови и со европските практики и реформски напори за транспарентни, одговорни и отчетни јавни институции, па оттаму бара целосна реформа. Дополнително важно е што предлогот ја следи Програмата за работа на Владата на РСМ во период 2020-2024, во однос на развојот на грѓанското општество (во прилог, стр 27 и 28).

Со цел остварување на оваа иницијатива потребно е:

- Зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на ЕЛС, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милјари денари) во вкупните приходи на ГО до 2024.
- Трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт (Одлука или Уредба) за сите органи на државната управа. Измените и дополнувањата на Кодексот, пред сè, ќе треба да се фокусираат на одредбите што се покажале како слабост: планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на ГО), објавувањето на резултатите и правото на жалба, мониторинг и евалуација итн.;
- Воведување на механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на ГО ќе биде исклучиво на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа ќе се врши преку други конта во Буџетот на РСМ.
- Подготовка на повеќегодишна буџетска програма од страна на Владата (во рамките на буџетскиот процес) која ќе ги обедини сите буџетски расходи што се јавуваат кај различните буџетски корисници, а се врзани со финансирање на ГО.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Унапреден модел на државно финансирање на ГО.
- Зголемен удел на државното финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 год.
- Реформирана процедура на планирањето на средствата; одлучувањето; доделувањето и известувањето за државното финансирање кон граѓанските организации; мониторингот од постигнатото и евалуација итн.
- Воведени механизми за унифицирано планирање, односно обезбедено повеќегодишно планирање на средствата за граѓанските организации.
- Подобрена програмска поддршка на граѓанските организации преку независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност.
- Преку Фондот за поддршка и развој на граѓанското општество ќе се овозможи ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската унија.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Има

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

1. Анализа на финансиската поддршка за здруженијата и фондациите од буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 до првата половина на 2019 година) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и за кофинансирање на ЕУ-проектите во РСМ Достапна на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/11/analiza-za-drzavna-finansiska-poddrska0922020.pdf
2. Програма за работа на Владата на РСМ во период 2020-2024, во однос на поддршката и развојот на граѓанското општество (стр. 27 и 28)
3. Влада на РСМ, Предлог Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка и развој на граѓанскиот сектор 2021-2024

Потпис на застапникот

Ф. Коранфалова

29/09/2021 година
М.П.